Врз основа на член 8 и 18 од Правилникот за натпреварување на ОФМ, Извршниот Одбор на ОФМ (ИО на ОФМ) и претставниците на екипите од лигите на ОФМ донесоа:

# ПРОПОЗИЦИИ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ за млади категории на ОФМ за 2026/2027 година

## Член 1

Организацијата и реализацијата на првенствата за млади категории на Одбојкарската федерација на Македонија (ОФМ) во натпреварувачката сезона 2026/2027 се реализира врз основа на:

- Правилникот за натпреварување на ОФМ;
- Правилникот за регистрација на основни организации и членови на ОФМ;
- Меѓународните Правила на одбојкарската игра;
- Дисциплинскиот правилник на ОФМ;
- Овие Пропозиции;
- Пропозиции за натпреварување во лигите на ОФМ;
- Анексот на Пропозициите за натпреварување во лигите на ОФМ и
- Останатите позитивни прописи на ОФМ.

## Првенство во млади категории Пионерки / Пионери
## Првенство во млади категории Кадетки / Кадети
## Првенство во млади категории Младинки / Младинци

## Член 2

Право на настап на првенствата во млади категории имаат одбојкарки/одбојкари родени:

- **Пионерки** – родени 2012 година и помлади;
- **Пионери** – родени 2012 година и помлади;
- **Кадетки** – родени 2010 година  и помлади;
- **Кадети** – родени 2010 година и помлади;
- **Младинки** – родени 2008 година и помлади;
- **Младинци** – родени 2008 година и помлади.

Клубовите кои се натпреваруваат во Првите лиги - мажи и жени во натпреварувачката сезона 2026/2027 година, задолжително треба да пријават најмалку

една екипа во младите категории во категоријата во која се натпреваруваат во сениорската лига и се препорачува тоа да го направат во пионерска категорија.

Клубовите учесници во натпреварувачкиот циклус 2026/2027, должни се заклучно со 15 август 2026 година, во писмена форма, да го пријават учеството во натпреварувањата.

По истекот на терминот од став 3 од овој член **нема да се примаат пријави за учество**, а натпреварувањето ќе се реализира со Клубовите кои во писмена форма го пријавиле своето учество во предвидениот рок.

**Член 3**

Со натпреварувањата во првенствата за млади категории раководи Комесарот за натпреварување на ОФМ.

Комесарот за натпреварување во организацијата и реализацијата на натпреварувањата во првенствата за млади категории соработува со ПТО и ПСО на ОФМ.

За својата работа, Комесарот за натпреварување е одговорен пред Извршниот Одбор на ОФМ и Клубовите од лигите на ОФМ.

**Член 4**

Должности на Комесарот за натпреварување:

- Го следи спроведувањето на усвоениот систем на натпреварување и дава предлози за негови промени и дополнувања,
- Ги регистрира натпреварите;
- Решава за приговори од екипите во прв степен;
- Подготвува предлог Календар за натпреварување;
- Одобрува промена на термини (време на почеток) и сали за одигрување на натпреварите (по потреба, во согласност со екипите);
- Издава редовни информативни Билтени коишто содржат: резултати, табели, делегирања на службени лица, одлуки и информации за екипите, и ги објавува на WEB страницата на ОФМ **(www.vfmkd.org.mk)**;
- Пропишува Пропозиции за Куп на Македонија;
- Пропишува Пропозиции за натпревари во млади категории;
- Пропишува Упатства за работа на делегатите-контролори и за организација на натпреварите од Првите лиги на ОФМ;
- Одлучува за термините на играње на лигашките натпревари на учесниците во меѓународните натпревари (еврокупови и др.);
- Соработува во делегирањето на делегатите-контролори и на судиите;
- Делегира “Посебни набљудувачи“ за одредени натпревари;
- Донесува одлуки за опомени, парични казни и суспензии на екипи, сали, членови на екипите и другите учесници во натпреварувањето;
- Во соработка со ПСО на ОФМ донесува одлуки за казни на судиите и делегатите-контролори за направени грешки, коишто се однесуваат на непочитување на Пропозициите за натпреварување и другите нормативни акти на ОФМ;

- Прибира докази за извршени дисциплински престапи на учесниците во натпреварувањето и поднесува барање за поведување постапка пред надлежната Дисциплинска комисија на ОФМ;
- Ги решава сите прашања од натпреварувачка проблематика, а коишто не се предвидени со овие Пропозиции и не се во спротивност со одредбите од правилниците на ОФМ;
- Подготвува и дистрибуира материјали за потребите на:
  - ИО на ОФМ;
  - Тренерската и на Судиската организација на ОФМ;
- Соработува со работните тела на ИО на ОФМ,
- Врши други работи согласно Статутот на ОФМ и сите акти на ОФМ.
- Поднесува извештај на ИО и Собранието на ОФМ.
- Соработка со Средствата за јавно информирање, со заложба за афирмација на младите одбојкарки и одбојкари и афирмација на ова натпреварување.

## Член 5

Натпреварите во младинските првенства, во натпреварувачкиот циклус 2026/2027 година, се играат врз основа на Меѓународните одбојкарски правила (FIVB).

Натпреварите се играат на мрежа со висина од:

- за пионерки – **2.20 м;**
- за пионери – **2.35 м;**
- за кадетки и младинки - **2.24 м;**
- за кадети и младинци - **2.43 м.**

## Член 6

Во натпреварите од првенствата за млади категории во натпреварувачкиот циклус 2026/2027 година бодувањето се врши на следниот начин:

- За натпреварите, кои се играат во два добиени сета, **турнирски натпревари**, за победа од 2:0 победничката екипа добива 3 бода, а поразената 0 бодови, а за победа од 2:1 победничката екипа добива 2 бода, а поразената екипа добива 1 бод;
- За натпреварите, кои се играат во три добиени сетови:
  - За победа од 3:0 и 3:1, победничката екипа добива 3 (три) бодови, а поразената 0 бодови;
  - За победа од 3:2 победничката екипа добива 2 (два) бода, а поразената екипа 1 (еден) бод.

Елиминациските и финалните натпревари, во сите категории, се играат во 3 (три) добиени сета.

Екипата која ќе биде пријавена, а нема да настапи на еден од турнирите парично ќе се казни во износ од **15.000,00 ден**. и во одреден рок казната треба да ја подмири. Во случај казната да не е платена, екипата нема право на настап на следното натпреварување во категоријата во којашто е пријавена, се исклучува од понатамошно натпреварување, постигнатите резултати на екипата се бришат, екипата по автоматизам се суспендира и нема право да пријави учество во одредената категорија во следната натпреварувачка сезона.

**Член 7**

Конечниот пласман на екипите по групи се одредува врз основа на бројот на постигнати победи. Во случај на две или повеќе екипи да имаат еднаков број на победи, тогаш редоследот на клубовите се одредува врз основа на:

- освоените бодови;
- количникот на сетовите
- количникот на поените, или
- конечниот резултат од меѓусебните средби.

## УСЛОВИ И СИТЕМ ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

**Член 8**

За реализација на натпреварувањето во која било категорија потребна е минимална пријава од **три** екипи.

а) Во случај на пријавени 3 (три) екипи се применува четирикружен бод систем секој со секого со вкупно 12 натпревари, поделени во 4 турнири по три натпревари на еден турнир.

б) Во случај на пријавени 4 (четири) екипи се применува двокружен бод систем секој со секого со вкупно 12 натпревари , поделени во 3 турнири по четири натпревари на еден турнир и **финален турнир** со вкрстување 1-4; 2-3, каде што поразените играат за 3 место, а победниците за 1 место.

в) Во случај на пријавени 5 (пет) екипи се применува двокружен бод систем секој со секого со вкупно 20 натпревари, поделени во 4 турнири по пет натпревари на еден турнир и **финален турнир** со вкрстување 1-4; 2-3, каде што поразените играат за 3 место, а победниците за 1 место.

г) Во случај на пријавени 6 (шест) и повеќе екипи, групите се добиваат по пат на ждребување, а натпреварувањето се реализира во четири фази:

**Прва фаза:**

Натпреварување во групи и тоа:

- во група со 3 (три) екипи се применува трокружен бод систем со вкупно 9 натпревари, поделени во 3 турнири, по три натпревари на еден турнир;
- во група со 4 (четири) екипи се применува двокружен бод систем секој со секого со вкупно 12 натпревари, поделени на 3 турнири, по четири натпревари на секој турнир;
- во група со 5 (пет) екипи се применува двокружен бод систем секој со секого со вкупно 20 натпревари, поделени на 4 турнири, по пет натпревари на секој турнир.

**Втора фаза:**

Елиминациска фаза, во која екипите се борат за пласман во завршницата. Во зависност од бројот на пријавени екипи и предвидениот систем за натпреварување, оваа фаза може да опфаќа бараж натпревари или директна квалификација во следната рунда.

- **Трета фаза:**

Победниците од втората фаза разигруваат во четвртфинални натпревари со вкрстување според системот на натпреварување. Во оваа фаза се игра еден натпревар во 3 добиени сета, на теренот на подобро пласираната екипа.

- **Четврта фаза:**

Подобрите екипи од ¼ финалниот натпревар (победи, сет количник, поен количник,) формираат **финална група каде што разигруваат 1-4 и 2-3.** Натпреварите се играат на еден завршен турнир, каде што поразените екипи од ½ финалните натпревари играат за 3-то место, екипите победнички за 1-во место. 1/2 финалните натпревари и натпреварот за 3 место, се играат во 2 добиени сета.Финалниот натпревар, во сите категории се игра во **3 добиени сета**.

Екипите кои се поразени во ¼ финалните натпревари, играат за пласман од 5-то место надоле, играат еден финален турнир,каде што вкрстуваат 1-4 и 2-3 екипа од групата- полуфинални натпревари. Поразените екипи од полуфиналните натпревари играат за понизок пласман, екипите победнички играат за повисок пласман во соодветното натпреварување. **Натпреварите на овие турнири се играат во 2 добиени сета.**

## Член 9

Во натпреварувачкиот циклус 2026/2027, во машка конкуренција,

Категорија **младинци,** пријавени се 9 екипи:

1. **ОК „ШТИП УГД“-Штип**
2. **ОК „СТРУМИЦА 47&72“-Струмица**
3. **ОК „МАКЕДОНИЈА ЏИО“-Струмица**
4. **ГОК „БОРЕЦ“-Велес**
5. **ОК „РАБОТНИЧКИ 71&22“-Скопје**
6. **ОК „ВЕСНА ПРОБИШТИП“-Пробиштип**
7. **ОК „ШКЕНДИЈА“-Тетово**
8. **ОК „УНИВЕРЗИТЕТ во ТЕТОВО“-Тетово**
9. **ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ мажи 2023“-Скопје**

**Прва фаза:** Екипите се поделени во 2 групи, (А и Б), група А брои 5 екипи и група Б 4 екипи во група. Групите се одредуваат со ждребување, со носители на групи, во случајот прво и второ пласираната екипа од минатогодишното натпреварување. Се играат 4 (четири) турнири во група А и 3 (три) турнири во група Б по двокружен бод систем. По одигрување на сите предвидени натпревари во оваа фаза, се добива табела со пласман на екипите од 1 до 5 односно 4 место, во група А и група Б.

По завршување на првата фаза екипата со најмалку остварени победи, поени, сет и поен количник, завршува со натпреварување.

**Втора фаза:** Во четвртфиналните натпревари, екипите вкрстуваат на слениот начин:

- Натпревар 1: А1 - Б4
- Натпревар 2: Б1 - А4
- Натпревар 3: А2 - Б3
- Натпревар 4: Б2 - А3

Се игра **еден натпревар на терен на подобро пласираната** екипа во три добиени сетови.

**Трета фаза:** Екипите победнички разигруваат во полуфинале, на следниот начин:

- победник од натпревар 1 - победник од натпревар 4
- победник од натпревар 2 - победник од натпревар 3

**Се играат два натпревара,** дома-гости, кадешто првиот натпревар се игра на терен на послабопласираната екипа. Натпреварите се играат во три добиени сетови.Во случај на нерешен резултат во победи (1:1) се игра Златен сет до 15 освоени поени со разлика од 2 поени. Златниот сет се игра веднаш по завршувањето на вториот натпревар.

**Четврта фаза:** Екипите победнички од полуфиналните средби играат на еден завршен турнир, за пласман 1во и 3то место. Натпреварите се играат во три добиени сетови.

Екипите поразени во 1/4 финалните средби играат на еден турнир за пласман 5 до 8 место, на принцип 1-4 и 2-3. Сите натпревари се играат во два добиени сетови.

Категорија **кадети,** пријавени се 7 екипи:

**1. ОК „СТРУМИЦА 47&72“-Струмица**
**2. ГОК „БОРЕЦ“-Велес**
**3. ОК „РАБОТНИЧКИ 71&22“-Скопје**
**4. ОК „ОК ШКЕНДИЈА“-Тетово**
**5. ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ мажи 2023“-Скопје**
**6. ОК „ЛИРИЈА“-с.Жеровјане**
**7. ОК „МАКЕДОНИЈА ЏИО“-Струмица**

**Прва фаза:** Екипите се поделени во 2 групи, (А и Б), по 4 екипи во група А и 3 екипи во група Б. Групите се одредуваат со ждребување, со носители на групи, во случајот прво и второ пласираната екипа од минатогодишното натпреварување. Се играат 3 (три) турнири во двете групи. По одигрување на сите предвидени натпревари во оваа фаза, се добива табела со пласман на екипите од 1 до 4 односно 3 место,во група А и група Б.

По завршување на првата фаза екипата со најмалку остварени победи, поени, сет и поен количник завршува со натпреварување.

**Втора фаза:** По завршување на првата фаза, првопласираните екипи во група А и Б се слободни. За пласман во полуфинале останатите екипи играат бараж и вкрстуваат на слениот начин:

- Натпревар 1: А2 - Б3
- Натпревар 2: Б2 - А3

Се игра **еден натпревар на терен на подобро пласираната** екипа во три добиени сетови.

**Трета фаза:** Екипите победнички заедно со првопласираните екипи од група А и Б разигруваат во полуфинале, на следниот начин:

- А1 - победник од натпревар 2
- Б1 - победник од натпревар 1

**Се играат два натпревара,** дома-гости, кадешто првиот натпревар се игра на терен на послабо пласираната екипа. Натпреварите се играат во три добиени сетови. Во случај на

нерешен резултат во победи (1:1) се игра Златен сет до 15 освоени поени со разлика од 2 поени. Златниот сет се игра веднаш по завршувањето на вториот натпревар.

**Четврта фаза:** Екипите победнички од полуфиналните средби играат на еден завршен турнир, за пласман 1 и 3 место. Натпреварите се играат во три добиени сетови.

Пласман на екипите од 5 до 7 место се определува врз основа на остварените победи, поени, сет и поен количник од првата фаза во натпреварувањето.

Категорија **пионери,** пријавени се 4 екипи:

**1. ОК „СКОПЈЕ“-Скопје**
**2. ОК „РАБОТНИЧКИ 71&22“-Скопје**
**3. ОК „ВЕСНА ПРОБИШТИП“-Пробиштип**
**4. ОК „МАКЕДОНИЈА ЏИО“-Струмица**

**Прва фаза:** Се формира една група А со 4 (четири) екипи. Се играат 3 (три) турнири по двокружен бод систем.

**Втора фаза:** По завршување на првата фаза, се играат полуфиналните натпревари, и екипите вкрстуваат 1-4 и 2-3.

**Се играат два натпревара,** дома-гости, кадешто првиот натпревар се игра на терен на послабо пласираната екипа. Натпреварите се играат во три добиени сетови. Во случај на нерешен резултат во победи (1:1) се игра Златен сет до 15 освоени поени со разлика од 2 поени. Златниот сет се игра веднаш по завршувањето на вториот натпревар.

**Трета фаза:** По одигрување на полуфиналните средби, екипите-победнички играат за 1 место, поразените екипи за 3 место. Натпреварите се играат на еден завршен турнир, во три добиени сетови.

Во натпреварувачкиот циклус 2026/2027, во женска конкуренција,

Категорија **младинки,** пријавени се 18 екипи.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1** | **ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ-КВ“-Скопје** | **10** | **ОК „ПЕЛИСТЕР ВОЛЕЈ“-Битола** |
| **2** | **ОК „РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ“-Скопје** | **11** | **ОК „ФЛАМИНГО ВОЛЕЈ“-Скопје** |
| **3** | **ОК „НАКОВСКИ ВОЛЕЈ“-Струмица** | **12** | **ОК „ФОРЦА ВОЛЕЈ ЕМА“-Скопје** |
| **4** | **ОК „ФИТ ФАН ВОЛЕЈ“-Скопје** | **13** | **ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ БУТ 2024“-Скопје** |
| **5** | **ОК „МЛАДОСТ УГД“-Штип** | **14** | **ЖОК „МАКЕДОНИЈА ЏИО„-Струмица** |
| **6** | **ОК „СТРУМИЦА ЖЕНИ“-Струмица** | **15** | **ОК „РИНИА“-Гостивар** |
| **7** | **ОК „ГАЗЕЛИ ВОЛЕЈ“-Скопје** | **16** | **ОК „ВЕСНА ПРОБИШТИП“-Пробиштип** |
| **8** | **ЖОК „ВАРДАР ЕМ“-Скопје** | **17** | **ЖОК „НОВО СЕЛО“-Ново Село** |
| **9** | **ГОК „БОРЕЦ“-Велес** | **18** | **ОК „УНИВЕРЗИТЕТ во ТЕТОВО“-Тетово** |

**Прва фаза:** Екипите се поделени во 5 групи - А, Б и В со 4 екипи во група и Г и Д со 3 екипи во група . Групите се одредуваат со ждребување, со носители на групи, во случајот екипите пласирани од 1 до 5 место од минатогодишното натпреварување. Се играат 3 (три) турнири во секоја група.

**Втора фаза:** Првите три екипи од сите 5 групи и најдобропласираната четврта екипа (вкупно 16 екипи) продолжуваат во осминафинални натпревари. Рангирањето на екипите се врши на единствена бодовна табела од 1. до 16. место според бројот на победи, освоените бодови, како и сет и поен-количникот. Екипите вкрстуваат на следниот начин:

1-16, 2-15, 3-14, 4-13, 5-12, 6-11, 7-10 и 8-9.

Се игра **еден натпревар на терен на подобро пласираната** екипа во три добиени сетови.

**Трета фаза:** Екипите-победнички од осминафиналните разигрувања продолжуваат во четвртфинале, и вкрстуваат на следниот принцип:

- Натпревар 1: победник од пар 1-16 : победник од пар 8-9
- Натпревар 2: победник од пар 2-15 : победник од пар 7-10
- Натпревар 3: победник од пар 3-14 : победник од пар 6-11
- Натпревар 4: победник од пар 4-13 : победник од пар 5-12

Се игра **еден натпревар на терен на подобро пласираната** екипа во три добиени сетови.

**Четврта фаза:** Екпипите победнички од четвртфиналните средби играат на еден финален турнир, за пласман 1 до 4 место (1-4 и 2-3). Полуфиналните натпревари и натпреварот за 3 место се играа во два добиени сета, финалето во три добиени сета.

Екипите поразени во четвртфиналните средби играат за пласман 5 до 8 место, на еден турнир, на принципот 1-4 и 2-3. Сите натпревари се играат во два добиени сетови.

Пласман на екипите од 9 до 18 место се определува врз основа на остварените победи, поени, сет и поен количник од првата фаза во натпреварувањето.

Категорија **кадетки,** пријавени се 34 екипи.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1** | **ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ-КВ“-Скопје** | **18** | **ОК „ФОРЦА ВОЛЕЈ ЕМА“-Скопје** |
| **2** | **ОК „РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ 1“-Скопје** | **19** | **ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ БУТ 2024“-Скопје** |
| **3** | **ОК „РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ 2“-Скопје** | **20** | **ОК „УСКАНА ВОЛЕЈ“-Кичево** |
| **4** | **ОК „НАКОВСКИ ВОЛЕЈ“-Струмица** | **21** | **ЖОК „МАКЕДОНИЈА ЏИО“-Струмица** |
| **5** | **ОК „ФИТ ФАН ВОЛЕЈ“-Скопје** | **22** | **ЖОК „НОВО СЕЛО“-Ново Село** |
| **6** | **ОК „МЛАДОСТ УГД“-Штип** | **23** | **ОК „ШКУПИ“-Скопје** |
| **7** | **ОК „СТРУМИЦА ЖЕНИ“-Струмица** | **24** | **ОК „РИНИА“-Скопје** |
| **8** | **ОК „ГАЗЕЛИ ВОЛЕЈ“-Скопје** | **25** | **ОК „ФЕНИКС ВОЛЕЈ“-Гостивар** |
| **9** | **ОК „ПЕЛИСТЕР ВОЛЕЈ“-Битола** | **26** | **ОК „ДИБРА ВОЛЕЈ“-Дебар** |
| **10** | **ЖОК „ВАРДАР ЕМ“-Скопје** | **27** | **ОК „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ВОЛЕЈ“-Скопје** |
| **11** | **ОК „БАМИ КОР“-Тетово** | **28** | **ОК „ТЕ ВОЛЕЈ“-Тетово** |
| **12** | **ГОК „БОРЕЦ“-Велес** | **29** | **ОК „ВИКТОРИ ВОЛЕЈ“-Струмица** |
| **13** | **ОК „ФЛАМИНГО ВОЛЕЈ 1“-Скопје** | **30** | **ЖОК „КУМАНОВО“-Куманово** |
| **14** | **ОК „ФЛАМИНГО ВОЛЕЈ 2“-Скопје** | **31** | **ОК „ТРГОВСКИ КУМАНОВО“-Куманово** |
| **15** | **ОК „ВИОЛА ВОЛЕЈ“-Велес** | **32** | **ОК „ВИДРИ ВОЛЕЈ“-Скопје** |
| **16** | **ОК „ВЕСНА ПРОБИШТИП“-Пробиштип** | **33** | **ОК „РИНИА“-Гостивар** |
| **17** | **ОК „МАСТЕР ВОЛЕЈ“-Скопје** | **34** | **ОК „РИАС 2020“-Струга** |

**Прва фаза:** Екипите се поделени во 2 групи

**Кадетки група 1** која што брои 16 екипи поделени во 4 групи по 4 екипи А, Б, В и Г, според минатогодишниот пласман на екипите и

**Кадетки група 2** која што брои 18 екипи, поделени во 5 групи, група Д, Ѓ и Е - 4 екипи и група Ж и З- 3 екипи.

Групите се одредуваат со ждребување со носители на групи во кадетки група 1, првите 4 екипи според минатогодишниот пласман. Се играат 3 (три) турнири во секоја група.

**Втора фаза:**

**КАДЕТКИ група 1** играат осминафинални натпревари на следниот начин - екипите од група А вкрстуваат со екипите од група В, на следниот принцип:

А1-В4, В1-А4, А2-В3 и В2-А3 и

екипите од група Б вкрстуваат со екипите од група Г, на следниот принцип:

Б1-Г4, Г1-Б4, Б2-Г3 и Г2-Б3

Се игра еден натпревар на терен на подобро пласираната екипа, во три добиени сетови.

**КАДЕТКИ група 2 -** Првопласираните екипи од сите 5 групи и 3 (трите) најдобро пласирани втори екипи, вкупно 8, разигруваат во четвртфинале, така што вкрстуваат на следниот начин:

- натпревар 1: Д1- второпласирана екипа со 3 ранг
- натпревар 2: Ѓ1- второпласирана екипа со 2 ранг
- натпревар 3: Е1- второпласирана екипа со 1 ранг
- натпревар 4: Ж1-З1

Се игра еден натпревар на терен на подобро пласираната екипа, во три добиени сетови.

Пласман на екипите од 9 до 18 место, во оваа група, се определува врз основа на остварените победи, поени, сет и поен количник од првата фаза во натпреварувањето.

**Трета фаза:**

**КАДЕТКИ група 1-** Екипите победнички од осминафиналните натпреварите, 8 екипи, разигруваат во четвртфинале, така што вкрстуваат на следниот начин:

- натпревар 1 победник - А1-В4 : Г2-Б3
- натпревар 2 победник - Б1-Г4 : В2-А3
- натпревар 3 победник - В1-А4 : Б2-Г3
- натпревар 4 победник - Г1-Б4 : А2-В3

Се игра еден натпревар на терен на подобро пласираната екипа, во три добиени сетови.

**КАДЕТКИ група 2** - Екпипите победнички од четвртфиналните средби играат на еден завршен турнир, за пласман 1 до 4 место (1-4 и 2-3). Сите натпревари на овој турнир се играат во два добиени сетови.

**Четврта фаза:**

**КАДЕТКИ група 1** - Екпипите победнички од четвртфиналните средби играат на еден финален турнир, за пласман 1 до 4 место (1-4 и 2-3). Полуфиналните натпревари и натпреварот за 3то место се играат во два добиени сета, финалето во три добиени сета.

Екипите поразени во четвртфиналните средби играат за пласман 5 до 8 место, на еден турнир, на принципот 1-4 и 2-3. Сите натпревари се играат во два добиени сетови.

Пласман на екипите од 9 до 16 место се определува врз основа на остварените победи, поени, сет и поен количник од првата фаза во натпреварувањето.

- 15то и 16то пласираната екипа од група 1, следната натпреварувачка сезона ќе се натпреваруваат со екипите од група 2.
- 1во и 2ро пласираната екипа од група 2, следната натпреварувачка година ќе се натпреваруваат со екипите од група 1.
- 13то и 14то пласираната екипа од група 1 играат еден бараж натпревар со 3то и 4то пласираната екипа од група 2, (13-4 и 14-3), за опстанок во група 1 следната натпреварувачка година.

Категорија **пионерки,** пријавени се 40 екипа.

| | | | |
|---|---|---|---|
| **1** | **ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ-КВ“-Скопје** | **22** | **ОК „УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО“-Тетово** |
| **2** | **ОК „РАБОТНИЧКИ СКОПЈЕ“-Скопје** | **23** | **ОК „РИНИА“-Скопје** |
| **3** | **ОК „НАКОВСКИ ВОЛЕЈ“-Струмица** | **24** | **ЖОК „МАКЕДОНИЈА ЏИО“-Струмица** |
| **4** | **ОК „ФИТ ФАН ВОЛЕЈ 1“-Скопје** | **25** | **ЖОК „НОВО СЕЛО“-Ново Село** |
| **5** | **ОК „ФИТ ФАН ВОЛЕЈ 2“-Скопје** | **26** | **ОК „ШКУПИ 1“-Скопје** |
| **6** | **ОК „МЛАДОСТ УГД“-Штип** | **27** | **ОК „ШКУПИ 2“-Скопје** |
| **7** | **ОК „ВЕСНА ПРОБИШТИП“-Пробиштип** | **28** | **ОК „ДИБРА ВОЛЕЈ“-Дебар** |
| **8** | **ОК „СТРУМИЦА ЖЕНИ“-Струмица** | **29** | **ОК „ФЕНИКС ВОЛЕЈ“-Гостивар** |
| **9** | **ОК „УСКАНА ВОЛЕЈ“-Кичево** | **30** | **ОК „ФОКС ВОЛЕЈ 1“-Скопје** |
| **10** | **ОК „ГАЗЕЛИ ВОЛЕЈ“-Скопје** | **31** | **ОК „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ВОЛЕЈ“-Скопје** |
| **11** | **ОК „ПЕЛИСТЕР ВОЛЕЈ 1“-Битола** | **32** | **ОК „ТЕ ВОЛЕЈ“-Тетово** |
| **12** | **ОК „ПЕЛИСТЕР ВОЛЕЈ 2“-Битола** | **33** | **ОК „МАСТЕР ВОЛЕЈ 1“-Скопје** |
| **13** | **ЖОК „ВАРДАР ЕМ“-Скопје** | **34** | **ОК „ВИОЛА ВОЛЕЈ-Велес** |
| **14** | **ОК „БАМИ КОР“-Тетово** | **35** | **ГОК „БОРЕЦ жени“-Велес** |
| **15** | **ОК „СКОПЈЕ“-Скопје** | **36** | **ОК „ШКУМБИНИ“-Тетово** |
| **16** | **ОК „ФЛАМИНГО ВОЛЕЈ“-Скопје** | **37** | **ОК „ТРГОВСКИ КУМАНОВО“-Куманово** |
| **17** | **ОК „ФОРЦА ВОЛЕЈ ЕМА“-Скопје** | **38** | **ОК „ФОКС ВОЛЕЈ 2“-Скопје** |
| **18** | **ОК „ЈАНТА ВОЛЕЈ БУТ 2024“-Скопје** | **39** | **ОК „ТИКВЕШ ВОЛЕЈ 2019 2“-Кавадарци** |
| **19** | **ЖОК „КУМАНОВО“-Куманово** | **40** | **ОК „РИАС 2020“-Струга** |
| **20** | **ОК „ТИКВЕШ ВОЛЕЈ 2019 1“-Кавадарци** | | |
| **21** | **ОК „МАСТЕР ВОЛЕЈ 2“-Скопје** | | |

**Прва фаза:** Екипите се поделени во 2 групи,

**Пионерки група 1** која што брои 16 екипи поделени во 4 групи по 4 екипи (А, Б, В и Г), според минатогодишниот пласман на екипите и

**Пионерки група 2** која што брои 24 екипи, поделени во 6 групи по 4 екипи, (Д, Ѓ, Е, Ж, З и Ѕ).

Групите се одредуваат со ждребување со носители на групи во пионерки група 1, првите 4 екипи според минатогодишниот пласман. Се играат 3 (три) турнири во сите групи

**Втора фаза:**

**ПИОНЕРКИ група 1** играат осминафинални натпревари на следниот начин - екипите од група А вкрстуваат со екипите од група В, на следниот принцип:

А1-В4, В1-А4, А2-В3 и В2-А3 и

екипите од група Б вкрстуваат со екипите од група Г, на следниот принцип:

Б1-Г4, Г1-Б4, Б2-Г3 и Г2-Б3

Се игра еден натпревар на терен на подобро пласираната екипа, во три добиени сетови.

**ПИОНЕРКИ група 2-** Првопласираните екипи од сите 6 групи и 2 (двете) најдобро пласирани втори екипи, вкупно 8, разигруваат во четвртфинални натпревари, така што вкрстуваат на следниот начин:

- натпревар 1: Д1- второпласирана екипа со 2 ранг
- натпревар 2: Ѓ1- второпласирана екипа со 1 ранг
- натпревар 3: Е1- Ѕ1
- натпревар 4: Ж1-З1

Се игра еден натпревар на терен на подобро пласираната екипа во три добиени сетови.

**Трета фаза:**

**ПИОНЕРКИ група 1-** Екипите победнички од осминафиналните натпреварите, 8 екипи, разигруваат во четвртфинале, така што вкрстуваат на следниот начин:

- натпревар 1 победник - А1-В4 : Г2-Б3
- натпревар 2 победник - Б1-Г4 : В2-А3
- натпревар 3 победник - В1-А4 : Б2-Г3
- натпревар 4 победник - Г1-Б4 : А2-В3

Се игра еден натпревар на терен на подобро пласираната екипа, во три добиени сетови.

**ПИОНЕРКИ група 2** - Екпипите победнички од четвртфиналните средби играат на еден завршен турнир, за пласман 1 до 4 место (1-4 и 2-3). Сите натпревари се играат во два добиени сетови.

**Четврта фаза:**

**ПИОНЕРКИ група 1** - Екпипите победнички од четвртфиналните средби играат на еден финален турнир, за пласман 1во до 4то место (1-4 и 2-3). Полуфиналните натпревари и натпреварот за 3то место се играа во два добиени сета, финалето во три добиени сета.

Екипите поразени во четвртфиналните средби играат за пласман 5то до 8мо место, на еден турнир, на принципот 1-4 и 2-3. Сите натпревари се играат во два добиени сетови.

- 15то и 16то пласираната екипа од група 1, следната натпреварувачка сезона ќе се натпреваруваат со екипите од група 2.

- 1во и 2ро пласираната екипа од група 2, следната натпреварувачка година ќе се натпреваруваат со екипите од група 1.
- 13то и 14то пласираната екипа од група 1 играат еден бараж натпревар со 3то и 4то пласираната екипа од група 2, (13-4 и 14-3), за опстанок во група 1 следната натпреварувачка година.

Во новата натпреварувачка сезона, 2027/2028, форматот на натпреварување во младинските категории ќе се одредува посебно за секоја категорија, во зависност од бројот на пријавени екипи. Доколку некоја екипа не пријави учество за следната сезона, нејзиното место во групата ќе го пополни следната најдобро пласирана екипа од конечната табела.

## Член 10

**Должност на екипата - организатор:**

Домаќинот-организатор на натпреварите од првенствата за млади категории е должен да ги почитува одредбите од Правилникот за натпреварување на ОФМ, Пропозициите за натпреварување, Протоколот и Упатството за организација на натпревари на ОФМ.

Се препорачува екипите-домаќини во младинските лиги на ОФМ да ги снимаат натпреварите. Во спротивно приговорите, коишто се однесуваат на судењето или повреда на актите коишто го регулираат натпреварувачкиот процес , ќе бидат отфрлени како неосновани.

Екипата-организатор на турнирите (во првата фаза од натпреварите), нема обврска да обезбеди вода за екипите-учеснички.

## Член 11

Клубот-домаќин ги исплаќа трошоците за спортската сала и за судискиот колегиум, одреден од страна на Матичните судиски организации. Висината на трошоците за **еден натпревар** на турнир (во сите фази од натпреварите),е следна:

| | | |
|---|---|---|
| **ПИОНЕРИ/КИ М-Ж** | **Судиска такса за сите фази од натпревари** | **1.800,00 ден.** |
| | Прв судија | 700,00 ден. |
| | Втор судија | 700,00 ден. |
| | Записничар | 400,00 ден. |
| **МЛАДИНЦИ/КИ М-Ж<br>КАДЕТИ/КИ М-Ж** | **Судиска такса за сите фази од натпревари** | **2.000,00 ден.** |
| | Прв судија | 800,00 ден. |
| | Втор судија | 800,00 ден. |
| | Записничар | 400,00 ден. |

**Забелешка:** За поединечни натпревари кои не се одиграни во закажаните термини од турнирите, а се играат во работни денови, преку недела, судиската такса изнесува за:

| | | |
|---|---|---|
| **ПИОНЕРИ/КИ М-Ж** | **Судиска такса за поединечен натпревар** | **2.000,00 ден.** |
| **КАДЕТИ/КИ М-Ж** | Прв судија | 800,00 ден. |
| | Втор судија | 800,00 ден. |
| | Записничар | 400,00 ден. |
| **МЛАДИНЦИ/КИ М-Ж** | **Судиска такса за поединечен натпревар** | **2.500,00 ден.** |
| | Прв судија | 1000,00 ден. |
| | Втор судија | 1000,00 ден. |
| | Записничар | 500,00 ден. |

За поединечни натпревари, 1/4 финални, 1/2 финални и на финалните натпревари, судиските такси во **сите категории** изнесуваат **2.500,00** денари, а за финален турнир, пласман за 1-во и 3-то место, судиските такси изнесуваат **3.000,00** денари.

Клубот-домаќин ги исплаќа дневните и патните трошоци за Комесарот за натпреварување на ОФМ или Делегатот кој ќе го одреди тој, кој е должен да присуствува на сите финални натпревари. Висината на дневните трошоци изнесува **2.000,00** денари.

На натпреварите во групи должноста Делегат ја презема најстариот судија, делегиран од Матичната судиска организација.

На одредени турнири, каде што има потреба, по проценка на Комесарот за натпреварување, посебно ќе се одредуваат Делегати за истите. Висината на тој надоместок изнесува **2.000,00 денари** и е на товар на ОФМ.

### Член 12

Првопласираните три екипи во сите категории добиваат пехари и медаљи во трајна сопственост, кои ги обезбедува Одбојкарската федерација на Македонија.

## ЛИЦЕНЦА

### Член 13

Во одбојкарските лиги, едно лице може да поседува само една лиценца издадена од ОФМ во текот на една натпреварувачка сезона.

Со таа лиценца, играчот има право да настапува во повеќе возрасни категории, (сениори/ки, младинци/ки, кадети/ки, пионери/ки), но исклучиво за клубот каде што е лиценциран, освен во случај на издадена двојна лиценца согласно член 44 од Правилникот за натпреварување на ОФМ. Играчот не може да менува лиценца или клуб во текот на сезоната, освен доколку преминот и пререгистрацијата се извршат во рамките на официјалниот преоден рок утврден од ОФМ.

Сите клубови кои учествуваат во натпреварувањата во организација на ОФМ **се должни до канцеларијата на Федерацијата** да доставaт оригинална потврда за извршен лекарски преглед (издадена од специјалистичка установа по Спортска медицина или Спортска физиологија) за сите пријавени играчи во соодветната категорија, **не постар од шест месеци.**

На натпреварите во првенствата во млади категории во натпреварувачкиот циклус 2026/2027 година, право на настап имаат одбојкарки и одбојкари кои се наоѓаат на списокот на лиценцирани играчи (формулар ФЛ-03), издаден од Комесарот за натпреварување на ОФМ.

Списокот на учесниците – екипи во првенствата во млади категории на ОФМ со целосни податоци ќе биде објавен во редовен Билтен на ОФМ, пред почетокот на натпреварувањето во овие категории **и истиот може да се менува**, односно во текот на натпреварувањето списокот на лиценцирани играчи може да се дополнува само со додавање на игачи кои **претходно не настапиле за и не се лиценцирани во ниту една екипа која што е пријавена да се натпреварува во тековната сезона.**

## Член 14

Доколку на првенствени натпревари од помлади категории: пионери/ки, кадети/ки и младинци/ки настапат одбојкари/ки који го изгубиле правото да се натпреваруваат во овие категории според нивната возраст, ќе биде покрената дисциплинска постапка според одредбите на Дисциплинскиот правилник на ОФМ против играчи, тренери и клубот во кој настапува натпреварувачот, со тоа што клубот сноси и други последици предвидени со Дисциплинскиот правилник на ОФМ, и го губи натпреварот со службен резултат.

## Член 15

Тренерите на Клубовите – учесници во натпреварувањата во млади категории мора да имаат најмалку **Тренерска легитимација со “Ц“ категорија**, издадена од ТО на ОФМ, со платена членарина и лиценца за тековната сезона.

Лиценциран тренер има право да води и застапува само еден клуб во текот на една натпреварувачка сезона. Тренерот може да води повеќе категории (машки или женски) во рамките на истиот клуб.

За секое прекршување на одредбите од овој член, започнува дисциплинска постапка согласно Дисциплинскиот правилник на ОФМ, а натпреварите се регистрираат согласно Пропозициите за натпреварување.

## Член 16

За сите прашања коишто не се регулирани во овие пропозиции ќе се применуваат одредбите од Правилниците, Пропозициите, Анексот на Пропозиции и Упатствата на ОФМ за натпреварувачката 2026/2027 година.

Скопје, 23.09.2026

*Сања Никчевиќ с.р.*
*Комесар за натпреварување на ОФМ*